# SPAIN - THE NEW TRANSIT COUNTRY FOR ILLEGAL MIGRANTS IN THE WEST-MEDITERRANEAN MIGRANT ROUTE

**Toshe Panov**
Republic of Macedonia, kaparoso@gmail.com

**Abstract:** The trend of migrants' legal and illegal migrations has increased year by year, so in 2015 it has received alarming proportions. Illegal migration, albeit at a reduced scale, continues in 2018. Immigrants are trying to reach Europe via land, sea and airplane by airplanes.
There are several of the most frequent routes that quickly reach the promised land, depending on which parts of the world are going, although routes often change, under the influence of different circumstances. If there is increased control at some borders, immigrants pass on other roads, even longer. Thus, for example, migrants from the West Coast of Africa to Europe reach Greece through Greece, rather than through Spain and Italy due to increased control of the sea routes through the Mediterranean. This is also the case with the Western Mediterranean route through which many immigrants pass through. The illegal migrants and refugees towards their goal, the highly developed European countries and the European Union used multiple routes, but this paper will be devoted only to the Western Mediterranean route, starting from north and west Africa through the Mediterranean about the sea to Spain, the Canary Islands and the Spanish enclaves in Africa. The aim of this paper is to analyze global and regional migration movements and their future trends with the focus of the western Mediterranean route as well as identifying the underlying motives that cause them migration processes and their classification that could serve for the appropriate treatment of migrants in accordance with their rights and national legislation.
**Keywords:** migration, refugees, illegal migrants, Western Mediterranean migrant route.

# ШПАНИЈА - НОВАТА ТРАНЗИТНА ЗЕМЈА НА ИЛЕГАЛНИТЕ МИГРАНТИ НА ЗАПАДНО-МЕДИТЕРАНСКАТА МИГРАНТСКА РУТА

**Тоше Панов**
Република Македонија, kaparoso@gmail.com

**Апстракт:** Трендот на легални и илегални миграции на мигрантите се зголемува од година во година, па во 2015 година добил алармантни пропорции. Нелегалната миграција, иако во помал обем, продолжува и во 2018 година. Имигрантите се обидуваат да стигнат до Европа преку копно, море и авион со авиони.
Постојат неколку од најчестите правци кои брзо стигнуваат до ветената земја, во зависност од тоа кои делови од светот се движат, иако патиштата често се менуваат, под влијание на различни околности. Доколку постои зголемена контрола на некои граници, имигрантите преминуваат на други патишта, дури и подолго. Така, на пример, мигрантите од Западниот брег на Африка до Европа стигнуваат до Грција преку Грција, а не преку Шпанија и Италија, поради зголемената контрола на морските патишта низ Медитеранот. Ова е случај и со западниот медитерански пат преку кој минуваат многу имигранти. Илегалните мигранти и бегалци кон нивната цел, високо развиените европски земји и Европската унија користеа повеќе правци, но овој труд ќе биде посветен само на западниот медитерански пат, почнувајќи од северна и западна Африка преку Средоземното море околу морето до Шпанија, Канарските Острови и шпанските енклави во Африка. Целта на овој труд е да ги анализира глобалните и регионалните миграциони движења и нивните идни трендови во фокусот на западниот медитерански пат, како и идентификување на основните мотиви кои ги предизвикуваат миграциските процеси и нивната класификација што би можеле да послужат за соодветен третман на мигрантите во во согласност со нивните права и националното законодавство.
**Клучни зборови:** миграција, бегалци, илегални имигранти, западен медитерански миграциски пат.

## ВОВЕД

При крајот на 2010 и почетокот на 2011, започна процес познат под називот,,Арапска пролет,, кој беше почеток на протести на народите против диктаторските и тоталитарните режими кои долго беа на власт во одредени држави.

Тој процес најпрво започна во Судан, потоа во Тунис, Египет,Либија, Сирија,Јемен, Алжир,Ирак,Јордан,Мароко и Мали. Во почетокот тоа беа граѓански протести во форма на демонстрации, но актуелните власти во овие држави на демонстрациите одговорија очекувано-со репресија, контрадемонстрации и провладини протести.

До средината на 2011 г.овие демонстрации резултираа со соборување на власта во Тунис и Египет, со кадровски промени во владите на некои држави и ветувањата на поедини лидери дека ќе се повлечат од власта. Ова се рефлектира и на соседните и останатите арапски земји, па дојде до проширување на судирите и на оружените борби на инволвираните групи и фракции, Состојбата беше најтешка во Либија каде што претседателот Гадафи одби да се повлече од власта, се разгоре граѓанската војна , а со своите трупи преку САД интервенираше и НАТО. Во Сирија војната сеуште трае.

Последиците на овие судири најпрво се рефлектираа на споменатите земји и обичните граѓани кои се соочија со големи разорувања, со чевечки и материјални жртви, со бегство и со верски/ исламски/тероризам. Една од овие значајни последици беше и преселбата на луѓе па дури и цели народи најголема во историјата.

Бегајќи од подрачјата зафатени со војна, цели семејства побараа спас во најблиската земја Турција,потоа во Грција како прва во низата земји во состав на Европската унија ,па Италија/по морски пат/, но и во другите земји на стариот континент.На тие рути се најдоа и Македонија, Србија, Хрватска,Словенија, а помалку БиХ и Црна Гора.

Во почетокот миграциите беа во помал обем и воглавно легални, со прифаќање на останатите држави и со имање на сензибилитет спрема жртвите на војната во Сирија и другите земји. Меѓутоа,кога се интензивираа воjните судири, така и преселбите станаа масовни и добија карактер на илегални миграции со обележја на кривични дела.

Заради големиот број на илегални мигранти и континуираниот процес, илегалните миграции силно ги потресоа надворешните граници на Европската унија, нејзината економска моќ и внатрешната кохезија помегу државите членки.

Процесот остави длабоки последици на сите земји кои се најдоа на мигрантските рути, континентални и поморски, на скоро идентичен начин како и на земјите на Европската унија како места на крајните дестинации на мигрантите.

Во својата историја почнувајки од 1992 година Европската унија денес се соочува со најголемиот неконтролиран прилив на мигранти и бегалци така да слободно можеме да кажеме дека се работи за мигрантска и бегалска криза. Иако во 2018 година миграцијата според податоците не е како во 2015 година и е во опагање, причините кои доведоа до таа криза се различни и тоа како од бегањето од воени судири, потрага по подобар живот, напуштање на нефункционални држави и бегство од различни видови на екстремизам и тероризам и тоа:

-Економски фактори. Мегу нив треба посебно да се истакне се поголемиот јаз помеѓу животниот стандард и личните примања помеѓу државите кои привлекуваат мигранти према државите со голем животен стандард, со економски развој, шанса за вработување или унапредување.

-Конфликти . Според податоците на на Канцеларијата на високиот претставник на
Обединетите нации за бегалци во 2012 година имало преку 10 милиони бегалци, а бројот на интерно раселените лица, значи исто така мигранти го достигна бројот преку 28 милиони во 2013 година.По својата природа конфликтите можат да бидат етнички или верски, но и како резултат на економските нееднаквости или натпреварување за природни ресурси.

Кога на тоа се додаде и недостатокот на личните и верските слободи може да биде мотивационен фактор како и дискриминацијата спрема расата, родот,религијата или во однос на други основи;

-Демографска диспропорција. Таа може да има различни форми на кои се искажува –од намалување на бројот на новородени деца во развиените држави и зголемување на просечната старост, кое нешто допринесува до расчекор помеѓу понудата и побарувачката на работната сила во развиените држави и државите во развој. Вишокот на работна сила во неразвиените држави и државите во развој можат да создадат зголемување на стапката на невработеност, кое нешто претставува мотивационен фактор за миграција.Од друга пак страна, се постарата популација во развиените земји се повеќе искажува потреба за туѓа работна сила за да може да се пополни недостатокот на работоспособното население.

-Владеењето и јавните служби. Лошото владеење, корупцијата и неквалитетното образование и здравствената заштита ги зајакнуваат миграционите процеси на мегународен план;
- фактори на животната средина. Се поголем број на лица се одлучува да мигрира заради индустриските акциденти, поплавите, ерозијата на земјиштето, земјотресите, последиците на климатските промени, зголемената радиоактивност, заразните болести и слични причини.Сепак, повеќето мигранти од оваа група се задржува внатре во самата држава.
-транснационални комуникациски мрежи. Нив можат да ги организират емигрантските заедници во државите кои се крајна дестинација на миграциите и со тоа да формираат социјални и културни обрасци за потенцијални мигранти.Така, членовите на комуникациските мрежи или семејства во странство можат да ги промовират миграциите и да управуваат со миграциските процеси за сметка на трети лица како што тоа е случај со ,,легалните,, миграции во индустреиските и високоразвиените држави.
Покрај присилните и таканаречени доброволни миграции постојат и многу други класификации на миграциите. Така како една од основните поделби се наметнува класификацијата спрема трајноста на миграцијата на привремени, односно повремени и трајни.
Следна, многу значајна поделба на миграциите се заснива на правниот статус на меѓународните мигранти и може да биде легална и ,,илегална,, , односно регуларна и нерегуларна. Неопходен услов за нерегуларната миграција е лицето да се движело надвор од законските рамки на државата на потекло или на одредиштето, односно да ги прекршило законските норми на државата транзит доколку тие постоеле.
Причините за илегалната миграција можат според своето значење да се класифицираат на: географски, економски, политички и социјални фактори.

Нелегалните миграции се вид на преселби и движења кои се спротивни на прописите на државите на потекло, транзит и одредите. Противправноста се манифестира различно од гледна точка од државите на поаѓање, транзит и крајна дестинација.

Кај првата група противправноста се огледа како преминување на државната граница без важечки патни исправи спротивни на административните и другите исправи за излез од конкретната земја. Во однос на државите на транзит и крајна дестинација противправноста се огледа во неисполнувањето на условите за влез, престој или работа во тие земји( дозволи за престој, работни дозволи и слично).
Сите патишта на мигрантите водат кон високоразвиените земји и подрачјата на Европската унија. Надвор од Европа посакувани држави се Америка, Канада и Австралија.Се проценува дека во 2000 година имало 150 милиони мигранти во целиот свет, десет години подоцна тој бтој се зголемил на 214 милиони, а се претпоставува дека до 2050 година тој број ќе достигне 405 милиони мигранти.

Се чини како бегалската криза никогаш не била поактуелна како денес, заради големиот прилив на мигранти и бегалци од Блискиот исток чија крајна дестинација е Европската унија која денес се соочува со најголем неконтролиран прили на мигранти и бегалци во својата историја и слободно можеме да кажеме дека се работи за миграциска и бегалска криза.

Причините во 2015 година доведоа до експлозија на мигрантската криза се дијаметрално спротивни: бегањето од воените страдања, потрага по подобар живот, заминување од нефункционалните држави и бегање од различните видови на екстремизам и тероризам.

Според Мегународната организација за миграции, бројот на мигранти кои во 2017 г, стигнаа во Европа преку море е скоро преполовен во однос на 2016 г, отценувајки дека мерките кои беа превземени со цел да се намали криумчарењето на луге во опасната морска рута од Либија до Италија дадоа резултати.
Бегајки од војните на Блискиот исток и сиромаштијата во Африка кога според Фронтекс во 2015 г.еден милион луге легално влегоа во европската унија ,а државите членки на ЕУ пријавиле 1,82 милион илегални премини на граница , и е забележан најголем прилив на бегалци и мигранти во Европа после втората светска војна со кое нешто предизвикаа политичка и хуманитарна криза . Од тогаш главната источно медитеранска рута помегу Турција и Грција воглавно е затворена со Спогодбата која е склучена помегу Европската Унија и Турција.

Бројот на влегувањата по морски пат со чамци во 2016 г. изнесуваше 363.504., а во 2017 година забележани се дупло помалку влегувања со чамци по морски пат и тоа 171.635 влегувања,Бројот на премини од главната рута преку средниот медитеран од северна Африка до Италија не е толку намален, а токму на тој пат илјадници луге се удавија во морето. Мегутоа, и на оваа рута бројките почнаа да пагаат ,рапидно во втората половина на 2017 година.

Доаѓањето со чамци до Италија го сочинуваа најголемиот број на приоди во Италија: вкупно 119.310 што е за една третина помалку во однос на 2016 година , како што званично е објавено од Министерството за внатрешни работи на Италија на 31 декември 2017 година.

Со сигурност може да се каже дека бројот на бегалците-мигрантите кои доагаа од северна Африка до Италија во 2017 г. е помалку од 120,000 кој број е најмал во последните четири години кога станува збор за пристигнувањата во Италија, како што изјави портпаролот на Мегународната организација за миграции при Обединетите нации Joel Millman на конференцијата за новинари во Женева.

Според податоците на Мегународната агенција за миграции при ОН само во првите 2о дена од 2018 г. бројот на мигранти и бегалци кои влегле во Европа по морски пат ја достигна бројката од 4.485,а се забележани дури 201 загинати во обидите да стигнат до Европското копно. Во првите 20 дена во 2018 г. во Европа влегле 3.335 мигранти и бегалци. Што е повеќе за 35 % . Најголем дел околу 60 % влегле во Европа на територијата на Италија,а останатите се поделени на Шпанија и Грција.

Истовремено, Италија за мигрантите,односно т.н. средна медитеранска рута, за мигрантите кои пристигнуваат од Африка е и најсмртоносна , со забележани 179 жртви само за 21 ден во 2018 г. Минатата година на истата рута, бројот на загинати бил и поголем, На таа рута се забележани 208 смртни случаеви на 2.393 забележани влегувања на мигранти и бегалци.

Во Италија мигрантите доагаат преку островите Лампедуза и Сицилија.Во овој период, значи, во почетокот на 2018 г. западно медитеранската рута е значително помалку атрактивна за мигрантите со забележани 848 влегувања во Шпанија, а исто така е и помалку смртоносна со 22 загинати на источната рута према Грција која се чини дека е најсигурна , затоа што при 888 влегувања не е забележан ниту еден смртен случај.Додуше ,тоа може да се должи и на акцијата на Обалната стража на Грција која во периодот од 17 до 2о јануари спасила 32 ,игранти во операциите на спасување околу островот Лезбос. Медитеранската рута се дели на источно медитеранска рута, централна медитеранска рута и западна медитеранска рута.

**Источно Медитеранска рута**, Азиска трансферзала: Таа кон Европа води од средниот и блискиот исток преку турција, а во неа се вклучуваат и имигрантите од Арабискиот полуостров, северна и подсахарска Африка. После турција следна станица е најчесто Грција/

**Централна медитеранска рута.** Илегалните мигранти користејки ја оваа рута се префрлуваат со бродови од северна Африка, а помалку од Турција и Грција се префрлуваат во Италија преку островите Лампедуза и Сицилија. Во оваа рута имаше имигранти и од земјите на подсахарска Африка, Сомалија,Еритреја, Сирија. Либија лежи на средната медитеранска рута која води до Италија и Грција.

**Западно медитеранска рута**. Оваа рута води од земјите на западна Африка до јужната шпанска обала, Канарските острови и Шпанските енклави на АСфричкото копно-Сеута и Мелилје.




***Слика 1.медитеранска рута***

Во последно време ситуацијата со илегалните мигранти кои одат кон Шпанија се менува.Заклучно со месец јули 2018 година Шпанија има регистрирано 21.663 мигранти, а толку имаше за цела 2017 година.

За истиот овој период на обалите на Европа стигнале 55.000 мигранти, што е дупло помалку од периодот јануари јули 2017 г. кога имало 111.753 мигранти.
Иако владата на Италија одлучи да ги затвори своите пристаништа за бродовите кои ги спасуваат мигрантите, Италија оваа година превзеде 18.000 мигранти кои по морски пат дојдоа од Либија, а останатите мигранти отидоа во Грција, Кипар и на Малта.
Иако помалку мигранти доагаат во Италија, процентот на смртноста го достигна најголемото ниво од почетокот на мигрантската криза . На Конференцијата во Женева Одделот за миграции на ОН наведе дека пета година по ред најмалку 1500 мигранти загинале во Средоземното море, а најопасна рута е помеѓу Либија и Италија на која рута во просек животот го губи еден од 19 мигранти, а степенот на смртноста на западно медитеранската рута за Шпанија е околу еден смртен случај на 70 мигранти.
Повеќе од 600 Афрички мигранти на 26 јули 2018 г. насилно ја преминаа заштитната ограда во Цеута , шпанска енклава која граничи со Мароко, употребувајки кружни пили и дрвени чекани за да ја пробијат жичаната ограда.




***Слика 2. Мигранти од Либија и Мароко*** ***Слика 3.Ризичниот пат на мигрантите***

Според податоците на Шпанските власти може да се каже дека мигрантите од Западна Африка, кои минатите години одеа во Либија, а сега ја бираат Шпанија како нова рута. Од тие причини Шпанија за справување со мигрантите кои доагаат преку западната медитеранска рута, особено со зголемување на нивниот број до средината на 2018 година побара материјална помош од Европската унија в износ од 35 милиони евра.

**ЗАКЛУЧОК**

Илегалната миграција неспорно е еден од најголемите светски проблеми. На тежината на ова прашање дополнително влијае тоа што илегалната миграција настана како резултат на оружени судири со изразена верска компонента и што во тие судири се инволвирани најголемите светски сили. Крајот на овие судири сеуште не се гледа. Сеуште нема примирје во Сирија и Авганистан и другите зони на конфликти. Последиците на овие судири се чувствуваат секаде во светот, а посебно во Европа и земјите кои се наогаат во пошироките зони на конфликтот.
Како што може да се воочи од примерот на Турција, каде јасно може да се воочи влијанието на конфликтите во соседните држави на миграциските процеси, неопходно е да се согледаат и перспективите за решавање на кризните ситуации во регионите на Блискиот исток, Азија и од Кавказ, како потенцијални мотивациони фактори за миграциските процеси во Европа. Станува збор за потенцијалните конфликтни подрачја кои Збигњев Бжежеински одамна ги има означено како регионни на геополитичките потреси и нестабилности во иднината.
Политичката и безбедносната ситуација во регионите на северна Африка и Блискиот исток во кои е извршен трансферот на власта во текот на т.н. ,,арапска пролет,, и понатаму е нестабилна. Предизвикана е со внатрешните противречности во наведените општества и оптоварена со наследените меѓудржавни антагонизми од кои најозбилен е израелско-арапскиот конфликт.
Сето ова укажува на тоа, дека и во наредниот период, од наведените региони мигрантите ќе се движат кон развиените и стабилните региони на западна европа, од кои покрај морската, односно медитеранската

миграциона рута која беше предмет на овој труд ќе биде значајна и т.н.земјена- копнена или Балканска рута.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Политичко правна рамка на современите миграции во Југоисточна Европа, Велјко Благојевиќ и Бранислав Милошевиќ, DOI 10.5937/vojno delo/1603075 B
[2] Спречување на кривичните дела на илегалните миграции на подрачјето на регионите со посебен осврт на Р.Хрватска и Р.Србија-проф. Жељко Никач и д-р Ванда Божиќ УДК: 343.2/497.5/ /497.11/.
[3] Камбовски В. /2010/ Казнено право, Посебен дел, Скопје .
[4] Бабовиќ,М.,,Современи миграциски текови во светот; Група 484 &IAN.Belgrad 2006..
[5] Arabi, F.A.I, Илегална миграција на населението во Либија,,Право – Теорија и пракса.. бр.4-6/2015.
[6] Glossari on migration, intervencional Organisation for migration, Geneva, 2011.
[7] Goldstone, Jack A., Hazerl,John T. Jr. ,2011, Understanding the Revolutions of 2011 , Weakness and Resilence in Midlle Eastern Autocracies. Foring Affairs.
[8] Protokol to prevent, Supress and punich Trafiiking in persons, Especiali in Woman in Children, Suplementing the United Nation Convention against Transnational Organized Crime/2000, http. www. Unodc./pdf/crime/finalinstgruments/
[9] 8/IOM/2005/ World Migration, Section 3, International Migration Data and statistics,418.
[10] Slika 1.- 1290967-Untitlde d-1, Slika 2 i 3 000-Nic6441578